# Народна банка на Република Македонија

ДИРЕКЦИЈА ЗА ИСТРАЖУВАЊЕ

# Месечна информација 07/2011

август, 2011 година

**Резиме**

**Во текот на јули 2011 година, НБРМ ја задржа основната каматна стапка непроменета на нивото од 4%**, заради оценките за усогласеност на постојното ниво на основната каматна стапка со севкупните макроекономски и финансиски услови во земјата. Така, во јули 2011 година, **општото ниво на цените во економијата повторно забележа намалување на месечна основа за 0,8%**, главно заради падот на цените на свежото овошје и зеленчук. Во иста насока влијаеше и намалениот притисок од увозните цени, преку остварениот негативен придонес на цените на енергијата. **Годишната стапка на инфлација во јули 2011 година продолжи да забавува и изнесуваше 3,8%,** што е под проектираниот годишен раст од страна на НБРМ за третиот квартал од 4,4%, согласно со јулската проекција. Во првите седум месеци на 2011 година, просечната годишна стапка на инфлација изнесува 4,3%. **Базичната стапка на инфлација**, којашто го исклучува ефектот од растот на цените на храната и на енергентите, и натаму генерално е стабилна и во јули 2011 година изнесува 1,3%, што е во прилог на оцените за привремен и контролиран раст на цените. Во услови на стабилни очекувања за инфлацијата и девизниот курс, реализацијата на нето-приливите на менувачкиот пазар продолжи и во текот на јули, со што кумулативниот нето-откуп на девизи на менувачкиот пазар во првите седум месеци на 2011 година достигна 500 милиони евра.

**Најновите високофреквентни податоци за економската активност во голема мерка ги потврдуваат очекувањата за натамошен раст на економската активност и во текот на вториот квартал на 2011 година, но со поумерено темпо споредено со првиот квартал**. Имено, вредноста на **извршените градежни работи** продолжи да остварува високи годишни стапки на раст (од 64,6%) и во текот на мај и заедно со **сообраќајот во телекомуникациите** (17,2%) бележи забрзан годишен раст, додека растот на **прометот во трговијата на големо и на мало** забави на годишна основа (7,2% и 4,3%, соодветно). **Физичкиот обем на индустриското производство** во јуни, за првпат од почетокот на 2011 година забележа пад на годишна основа од 1,8%, при намалена просечна искористеност на производствените капацитети (58,3%, наспроти 59,5% во јуни 2010 година). Најголем поединечен придонес за годишниот пад на индустриското производство во јуни имаат намаленото производство на електрична енергија, при понеповолни хидролошки услови и намаленото производство на нафтени деривати, заради ремонт на постојните капацитети. Дополнително влијание во оваа насока имаше и понискиот обем на производство на метални производи, што во голема мерка е одраз на ефектот од повисоката споредбена основа. Слична динамика на движење е забележана и кај **извозната активност,** која бележи значително забавување на годишната стапка на раст (од 36,3% во мај на 4,3% во јуни). Забавениот раст на увозот на интермедијарни производи, заедно со намалениот увоз на енергија, доведе до забавување на годишната стапка на раст и на **вкупниот увоз** од 21,4% во мај, на 1,7% во јуни.

**Согласно со расположливите податоци за индикативните категории на агрегатната побарувачка, може да се очекува инвестициите да претставуваат главен носител на економскиот раст во вториот квартал, што е во согласност со јулските проекции на НБРМ.** На ваква констатација упатува високиот реален раст на државните капитални инвестиции, којшто во вториот квартал изнесува 70,8%, на годишна основа. Умерен реален раст беше забележан и кај странските директни инвестиции (од 1% на кумулативна основа во периодот април -

мај), што укажува, во комбинација со задржувањето на растот на долгорочното кредитирање на претпријатијата и во текот на вториот квартал, на натамошен раст на домашните и странски приватни инвестиции. Од аспект на приватната потрошувачка, продлабочувањето на реалниот пад на платите и на нето-приливите од приватни трансфери (-4% и -11,7%, соодветно, за периодот април - мај) укажува на потенцијални ограничувачки ефекти на расположливиот доход врз нивото на потрошувачка на домаќинствата во вториот квартал. Од друга страна, зајакнатата кредитна поддршка на домаќинствата за потрошувачки цели од страна на банкарскиот сектор во вториот квартал (номинален квартален раст на потрошувачките кредити одобрени на физички лица од 6,4% во вториот квартал, наспроти 3% во претходниот квартал) претставува позитивен импулс за личната потрошувачка. Со оглед на ваквите дивергентни движења кај индикативните категории на личната потрошувачка, може да се очекува растот на кредитирањето да придонесе за одржување на нивото на потрошувачка на населението во услови на реален пад на доходот, што е во прилог на проекциите за неутрален придонес на личната потрошувачка кон годишниот раст на БДП во вториот квартал.

Според последните расположливи податоци за билансот на плаќања, во периодот април - мај 2011 година беше остварен **дефицит во тековната сметка од билансот на плаќања во износ од 0,5% од БДП**, што претставува мало подобрување од 0,2 п.п. од БДП во однос на истиот период од претходната година. Тоа првенствено се должи на **подобреното салдо во размената на стоки и услуги, во услови на намалени приливи врз основа на приватни трансфери**. Дефицитот во тековната сметка во најголем дел беше финансиран преку остварените **приливи во капитално-финансиската сметка во износ од 0,4% од БДП** за периодот април - мај. **На 31.07.2011 година бруто девизните резерви изнесуваа 1.811,4 милиони евра и во однос на крајот на претходната година се повисоки за 97 милиони евра**.

Во јули 2011 година растот на вкупниот депозитен потенцијал забрза, што овозможи натамошно задржување на солидни стапки на кредитен раст. Така, **вкупните депозити во јули беа повисоки за 13,9% на годишна основа (9,2% во јуни)**, што може да се објасни со интензивираниот раст на новото штедење на месечна основа (главно кај секторот „претпријатија"), но и со влијанието на базниот ефект. **Годишната стапка на раст на вкупните кредити на банките во јули 2011 година изнесуваше 8,7% (8,6% во претходниот месец).** Притоа, се забележува благо зголемување на придонесот на секторот „домаќинства" кон годишниот пораст на вкупните кредити, но сепак доминантен придонес и натаму има секторот „претпријатија" (65%). Јулската проекција предвидува вкупните депозити и вкупните кредити на банките да продолжат да растат и во следните два месеца од третиот квартал.

**Непроменета поставеност на монетарната политика во јули...**




Извор: НБРМ.

Основната каматна стапка на НБРМ во јули се задржа на нивото од последните седум месеци (4%).

**...при натамошно намалување на цените на месечна основа...**




Извор: ДЗС и НБРМ.

Продолжува падот на домашните цени на месечна основа, а растот на годишна основа забавува. Базичната инфлација и натаму се одржува на ниско и релативно стабилно ниво.

**...и кумулативен раст на девизните резерви**




Извор:НБРМ.

На крајот на јули, девизните резерви изнесуваа 1.811,4 милиони евра и остварија кумулативен раст од 97 милиони евра.

**Натамошен пад на домашните цени на храната и енергијата на месечна основа во јули...**




Извор: ДЗС и НБРМ.

Месечното намалување на потрошувачките цени во јули главно се должи на пониските цени на храната (свежо овошје и зеленчук), надополнето со падот на цените на нафтените деривати. Годишната стапка на инфлација забави и се сведе на 3,8%, поради забавувањето на годишниот раст на цените на храната и енергијата.

**...и натамошно забавување на годишната инфлација во евро-зоната**




Извор: Еуростат.

Годишната стапка на инфлација во евро-зоната продолжи да забавува во јули (2,5%), заради годишниот пад на цените на облеката и телекомуникациите. Притоа, значително забавување забележа и базичната годишна стапка на инфлација (од 1,8% во јуни на 1,5% во јули).

**Намалување на цената на нафтата на светските берзи во првата половина на август**




Извор: Управа за информации за енергетиката (The Energy Information Administration) - статистичка агенција на Министерството за енергетика на САД и НБРМ.

По намалувањето во мај и јуни, цената на нафтата во јули повторно почна да расте и во просек изнесуваше 116,5 САД-долари за барел (месечен раст од 2,4%). Од 1 - 12 август цените на нафтата на светските берзи се пониски, движејќи се во просек од 109 САД-долари за барел. На 15.08.2011 година РКЕ донесе одлука за намалување на малопродажните цени на нафтените деривати за 5,8%[1].

[1] Намалувањето главно произлегува од падот на цената на суровата нафта на светските берзи (7,7%), а во помал дел и од апрецијацијата на денарот во однос на САД-доларот (0,4%).

**Надолниот тренд кај реалната плата во економијата се задржува**




Извор: ДЗС.

Во мај е забележано номинално месечно зголемување на платите (2,1%), при највисок раст кај дејноста „информации и комуникации". Сепак, на реална основа, платите и натаму бележат годишен пад (4,3%), при пад на платите кај поголемиот дел од дејностите.

**Производството во индустријата во јуни за прв пат во годината забележа годишен пад...**




Извор: ДЗС и НБРМ.

Во јуни, индустриското производство за прв пат оваа година забележа годишен пад, од 1,8%.

**... при најизразен негативен придонес на производството на нафтени деривати и електрична енергија**




Извор: ДЗС и НБРМ.

Годишниот пад се должи на намаленото производство кај две третини од вкупниот број гранки, коишто сочинуваат околу 55% од индексот. Најголем негативен придонес имаат производството на електрична енергија[2], нафтени деривати[3] и на метални производи (висока споредбена основа). Притоа, по подолг период на континуиран раст, годишен пад оствари и производството на метали[4]. Сепак, во вториот квартал на 2011 година е остварена годишна стапка на раст на индустриското производство од

[2] Годишниот пад кај производството на електрична енергија се должи главно на намаленото производство на хидроцентралите, во услови на понеповолна хидролошка состојба.

[3] Заради редовниот ремонт на постојните капацитети којшто започна во мај 2011 година, за разлика од претходната година кога започнал во март и завршил во втората половина од април 2010 година.

[4] Во јуни 2011 година, производството на метали забележа мал пад од 3%, што претставува прво намалување на годишна основа од ноември 2008 година.

5,3%.

**Очекувањата на компаниите за производството во следните три месеци се понеповолни**




Извор: ДЗС.

При тековна помала искористеност на капацитетите, очекувањата на раководителите од индустријата за обемот на производството во наредните три месеци се влошени, но сепак очекуваат раст на бројот на вработени лица.

**Кај останатите сектори од економијата, позитивната динамика продолжува и во мај...**




Извор: ДЗС и пресметки на НБРМ.

Од останатите сектори во економијата, движењата во мај покажуваат сè уште висок раст кај вредноста на извршените градежни работи, коишто заедно со телекомуникациите бележат забрзан годишен раст, додека трговијата расте со забавено темпо.

**... така што во перидот април-мај 2011 година, реален раст бележат сите сектори, а највисок градежништвото...**




*Податоците за кв.2 2011 се однесуваат на периодот апр-мај 2011 година.
Извор: ДЗС и пресметки на НБРМ.

Во периодот април - мај 2011 година, гореспоменатите сектори бележат реален раст, кој кај вредноста на извршените градежни работи и трговијата на мало е поумерен во однос на претходниот квартал, што упатува на поумерен годишен раст на економијата во вториот квартал. Забрзување на растот е забележано кај телекомуникациите, како и закрепнување на трговијата на големо по падот во првиот квартал.

**...коешто се очекува да го задржи растот и во наредниот период**




Извор: ДЗС.

По минатомесечниот исклучително висок годишен раст, во јуни 2011 година вкупната вредност на издадените одобренија за градење повторно оствари раст, а најголем придонес за растот имаше високоградбата.

Расположливите податоци за индикативните категории за побарувачката упатуваат на раст на економската активност и во вториот квартал на 2011 година[5], но со поумерена динамика.

[5] Види прилог-табели број 6, 7 и 8.

**Во мај е остварен суфицит на тековната сметка...**




Извор:НБРМ.

Позитивна годишна промена на салдото на тековната сметка беше регистрирана и во мај, при остварен суфицит на тековната сметка од 2,8 милиони евра.

**... главно како резултат на подобреното салдо во размената на стоки и услуги...**




*Позитивните годишни промени се однесуваат на стеснување на дефицитот во тековната сметка

Извор:НБРМ.

За ваквото подобрување најмногу придонесоа зголемениот суфицит во размената на услуги и стеснувањето на негативното трговско салдо, како и понискиот дефицит кај доходот. Од друга страна, тековните трансфери делуваа во спротивна насока.

**...додека во капитално-финансиската сметка е забележан мал нето-одлив...**




Извор:НБРМ.

Истовремено, во капитално-финансиската сметка беа регистрирани нето-одливи во износ од 11,4 милиони евра.

**... којшто во најголем дел се должи на директните инвестиции**




Извор: НБРМ.

Регистрираните капитални нето-одливи се однесуваат пред сè на директните инвестиции, како и на нето-отплатите на трговските кредити и заемите, додека врз основа на валути и депозити беа забележани нето-приливи.

**Во јуни, трговскиот дефицит бележи мало стеснување на годишна основа...**




Извор:ДЗС.

Во јуни, дефицитот во размената на стоки забележа мало стеснување на годишна основа (за 3,5 милиони евра).

**...во услови на низок и врамнотежен годишен раст на извозот и на увозот...**




Извор:ДЗС.

Извозот и увозот на стоки во јуни забележаа значително забавување на годишните стапки на раст (4,3% и 1,7%, соодветно), што укажува на постепено исцрпување на базниот ефект.

**...растот на извозот главно произлегува од енергијата и интермедијарните производи...**




Извор: ДЗС и НБРМ.

Најголем придонес за годишниот раст на извозот имаат енергијата и интермедијарните производи, при помал придонес на извозот на капитални производи.

**...додека растот на увозот главно се должи на интермедијарните производи...**




Извор: ДЗС и НБРМ.

За растот на увозот најмногу придонесуваат интермедијарните производи, а потоа и стоките за широка потрошувачка. Останатите сегменти на увозот забележаа намалување на годишна основа.

**... при мали промени кај РЕДК...**




Извор: НБРМ.

Показателите за ценовната конкурентност на македонската економија во јуни не забележаа поголеми поместувања во однос на истиот месец од претходната година. РЕДК мерен според трошоците на животот апрецира незначително (0,2%), додека РЕДК, мерен според индексот на цените на производителите, продолжи да апрецира (2,2%).

**... во услови на апрецијација на НЕДК на годишна основа**




Извор:НБРМ.

Во јуни, индексот на НЕДК забележа блага апрецијација на годишна основа (1,1%), заради апрецијацијата на денарот во однос на руската рубља и турската лира. Истовремено, релативните цени пресметани според двата ценовни индекса забележаа дивергентни движења (релативните потрошувачки цени забележаа пад, а релативните цени на производителите оствarija раст).

**Повисок нето-откуп на менувачкиот пазар во јули...**




Извор:НБРМ.

Во јули, нето-откупот на менувачкиот пазар забележа годишен раст (11%), за првпат од февруари наваму. На кумулативна основа, нето-откупот на менувачкиот пазар е понизок (за 6,8%) во споредба со претходната година.

**...заради поголема понуда на девизи**




Извор:НБРМ.

Во јули беше прекинат трендот на намалување на понудата и на побарувачката на девизи на годишна основа, при што зголемувањето на понудата го надмина растот на побарувачката.

**Кумулативен раст на девизните резерви од почетокот на годината...**




Извор:НБРМ.

**...поради повлечените средства од кредитната линија на ММФ**




Извор:НБРМ

Бруто девизните резерви, од почетокот на годината до јули, бележат кумулативен раст.

Растот на девизните резерви во најголем дел се должи на средствата од кредитната линија за претпазливост на ММФ повлечени од страна на државата.

**Годишниот раст на примарните пари во јули со забрзана динамика...**




Годишниот раст на примарните пари во јули забрза на годишна основа (7,1%), при раст на вкупните ликвидни средства на банките (наспроти падот во претходниот месец) и натамошен раст на готовите пари во оптек, но со поумерена динамика.

**... на месечна основа е остварен раст, при што благајничките записи на НБРМ се главниот тек на креирање примарни пари**




Примарните пари во јули остварија раст на месечна основа, наспроти падот во претходниот месец. Инструментите на НБРМ[6], на нето-основа делуваа во насока на креирање примарни пари, додека останатите извори претставуваа тек на повлекување примарни пари.

**Годишниот раст на депозитите во јули со забрзана динамика...**




Во јули забрзува темпото на годишниот раст на вкупните депозити (со вклучени депозитни пари)[7], како комбиниран ефект од интензивираниот раст на новото штедење на месечна основа и базниот ефект.[8]

---

[6] Со цел фино регулирање на ликвидноста во банкарскиот систем, НБРМ во јули првпат спроведе аукции на репо-трансакции за обезбедување ликвидност во банкарскиот систем. На аукциите беше применет тендер со минимална каматна стапка (американски тип), утврдена на ниво од 4,50% и рок на достасување од пет дена. Преку репо-трансакциите во банкарскиот систем беше привремено емитирана ликвидност во износ од 1.500 милиони денари.

[7] Почнувајќи од јануари 2009 година, депозитите вклучуваат и пресметана камата.

[8] Реализиран пад на вкупните депозити во јули 2010 година за 4.064 милиони денари на месечна основа, заради исплата на дивиденда од страна на една поголема домашна компанија.

**...од валутен аспект, растот и натаму во поголем дел е воден од растот на депозитите во домашна валута...**




Извор: НБРМ.

Позначен придонес во годишниот раст на вкупните депозити и понатаму имаат денарските депозити, при регистрирано зголемување на придонесот на девизните депозити, тренд карактеристичен и за претходните два месеца.

**...од секторски аспект, новото штедење на годишна основа доминантно е генерирано од секторот домаќинства...**




Извор: НБРМ.

Растот на вкупните депозити во доминантен дел произлегува од зголеменото штедење на домаќинствата, при истовремено позитивен придонес и од страна на депозитите на претпријатијата од приватниот сектор (по нивното континуирано намалување во претходните три месеци).

**...од рочен аспект, позначаен е придонесот на краткорочните депозити**




Извор: НБРМ

Придонесот на краткорочните депозити се зголеми, со што тие добија позначајно учество во растот на вкупните депозити, за разлика од претходните три месеци кога поголем придонес кон растот на вкупните депозити имаа долгорочните депозити.

**Годишниот раст на најшироката парична маса со забрзана динамика во јули...**




Извор: НБРМ.

Во јули, монетарниот агрегат М1 забележа умерено забавување на годишната стапка на раст, додека монетарните агрегати М2 и М4 растеа со забрзана динамика.

**...главно како резултат на забрзаниот раст на краткорочните депозити**




Извор: НБРМ.

Забрзувањето на стапката на раст на М4 во јули во најголем дел произлегува од зголемениот придонес на краткорочните депозити, при релативно стабилен придонес на останатите компоненти.

**Мало забрзување на годишниот раст на вкупните кредити...**




Извор: НБРМ.

Во јули, вкупните кредити продолжија да растат, при што на годишна основа се зголемија за 8,7% (8,6% во претходниот месец).

**...од валутен аспект, растот во најголем дел е предизвикан од девизните кредити...**




Извор: НБРМ.

Од аспект на придонесот во годишниот раст на вкупните кредити, девизното кредитирање и понатаму доминира, при регистрирано намалување на позитивниот придонес на денарските кредити (наспроти трендот на раст од почетокот на годината).

**...од секторски аспект, корпоративните кредити и понатаму со доминантна улога во годишниот раст на вкупните кредити...**




Извор: НБРМ.

Од аспект на придонесот на двата главни сектора, годишниот раст на вкупните кредити и понатаму во најголем дел се должи на растот на корпоративните кредити, при тренд на континуиран пораст на придонесот на кредитите на населението.

**...од рочен аспект, пораст на вкупните кредити во целост е резултат на долгорочните кредити**




Извор: НБРМ.

Продолжува трендот на доминантен придонес на долгорочните кредити во годишниот раст на вкупните кредити, при негативен годишен придонес на краткорочните кредити во последните пет месеци.

**Зголемување на учеството на нефункционалните кредити во вкупните кредити**




Извор: НБРМ.

Умерено расте учеството на нефункционалните кредити во вкупните кредити, при зголемено учество на нефункционалните кредити во вкупните кредити на претпријатијата, додека кај секторот „домаќинства" учеството е на истото ниво како и во претходниот месец.

**Намалување на показателот за покриеност на кредитите со депозити**




Извор: НБРМ.

Во јули е забележано намалување на показателот за покриеност на кредитите со депозити, како резултат на поинтензивниот раст на депозитите во однос на кредитите. Ваквото движење на показателот укажува на помала искористеност на депозитниот потенцијал за кредитирање од страна на банките во јули и постоење простор за поголема кредитна активност во наредниот период.

**Месечен раст на каматните стапки на меѓубанкарскиот пазар на депозити во јули**




Извор: НБРМ

Каматните стапки на меѓубанкарскиот пазар на депозити покажуваат тенденција на месечно зголемување, при непроменета основна каматна стапка на НБРМ. Исклучок на ваквите движења е каматната стапка СКИБОР[9], која бележи месечен пад кај сите рочности, со исклучок на рочноста од еден месец, каде што не е регистрирана месечна промена.

[9] Од јули банките започнаа да котираат каматни стапки за продавање депозити - СКИБОР со подолги рочности, и тоа од шест, девет и дванаесет месеци, при што тие изнесуваа 5,55%, 6,05% и 6,60%, соодветно.

**Намалување на вкупната денарска активна и пасивна каматна стапка во јуни, во однос на претходниот месец...**




Извор: НБРМ

Каматните стапки на вкупните денарски кредити и депозити во јуни забележаа месечен пад, по непроменети нивоа во претходните три месеци.

**...при непроменето ниво на вкупната девизна активна и пасивна каматна стапка**




Извор: НБРМ

Каматната стапка на девизните кредити и натаму е на нивото од јули 2010 година, а каматната стапка на девизните депозити е задржана на нивото од март 2011 година.

**Раст на каматната стапка на новопримени денарски депозити...**




Извор: НБРМ

Каматната стапка на новопримените денарски депозити забележа месечен раст, додека каматната стапка на новодобрените денарски кредити се задржа на нивото од претходниот месец.

**...при раст на каматната стапка на новоодобрените девизни кредити**

*во %*




Извор: НБРМ

Каматната стапка на новоодобрените девизни кредити бележи раст на месечна основа, при непроменето ниво на каматната стапка на новоодобрените девизни депозити во последните три месеци.

# СТАТИСТИЧКИ ПРИЛОГ

Табела 1

## ТРОШОЦИ НА ЖИВОТ - ИНФЛАЦИЈА И НЕЈЗИНИТЕ КОМПОНЕНТИ

| | VII.2011 / VI.2011 | VII.2011 / VII.2010 | I-VII.2011 / I-VII.2010 | VII.2011 / VI.2011 | VII.2011 / VII.2010 | I-VII.2011 / I-VII.2010 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | промена во % | | | придонес во процентни поени | | |
| **Вкупно** | ***-0.8*** | ***3.8*** | ***4.3*** | ***-0.8*** | ***3.8*** | ***4.3*** |
| **Исхрана** | **-2.3** | **6.2** | **7.5** | **-0.9** | **2.4** | **2.9** |
| Производи од жито | -0.6 | 13.0 | 12.0 | 0.0 | 0.8 | 0.8 |
| Свеж и преработен зеленчук | -8.8 | -1.0 | 4.0 | -0.5 | -0.1 | 0.2 |
| Свежо и преработено овошје | -13.4 | 1.9 | 10.8 | -0.5 | 0.1 | 0.3 |
| Свежо и преработено месо | 0.2 | 3.2 | 2.2 | 0.0 | 0.3 | 0.2 |
| Свежа и преработена риба | 0.4 | 1.8 | 1.4 | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| Свежо и преработено млеко | -0.1 | 3.9 | 3.4 | 0.0 | 0.2 | 0.2 |
| Свежи јајца | -1.5 | 12.8 | 11.2 | 0.0 | 0.1 | 0.1 |
| Масноти | 3.5 | 33.9 | 38.7 | 0.1 | 0.5 | 0.6 |
| **Тутун и пијалаци** | **0.0** | **1.1** | **1.1** | **0.0** | **0.1** | **0.1** |
| **Облека и обувки** | **-0.1** | **1.8** | **1.3** | **0.0** | **0.1** | **0.1** |
| **Домување** | **0.0** | **4.2** | **3.7** | **0.0** | **0.7** | **0.6** |
| Стан (станарина, вода, услуги) | 0.0 | 6.7 | 6.5 | 0.0 | 0.2 | 0.2 |
| Огрев и осветление | 0.0 | 5.5 | 4.6 | 0.0 | 0.5 | 0.5 |
| Греење и услуги | 0.0 | 5.7 | 5.9 | 0.0 | 0.2 | 0.2 |
| Електрична енергија и осветлување | 0.0 | 5.4 | 3.9 | 0.0 | 0.4 | 0.3 |
| **Хигиена и здравје** | **0.1** | **3.3** | **2.6** | **0.0** | **0.3** | **0.2** |
| **Култура и разонода** | **1.9** | **-2.2** | **-1.8** | **0.1** | **-0.1** | **-0.1** |
| **Сообраќајни средства и услуги** | **0.0** | **2.0** | **3.5** | **0.0** | **0.3** | **0.5** |
| Течни горива и масла | -1.5 | 7.2 | 13.4 | -0.1 | 0.3 | 0.5 |
| Сообраќајни и птт услуги | 1.1 | -0.3 | 0.4 | 0.1 | 0.0 | 0.0 |
| **Ресторани и хотели** | **0.6** | **1.7** | **1.5** | **0.0** | **0.1** | **0.1** |
| **Останати услуги неспомнати на друго место** | **0.0** | **2.4** | **-1.2** | **0.0** | **0.0** | **0.0** |

Извор: Државен завод за статистика на Република Македонија.

Табела 2

## ИНФЛАЦИЈА, ПРОДУКТИВНОСТ И ПЛАТИ

| | 2008 | 2009 | 2010 | 2010 Кв.1 | 2010 Кв.2 | 2010 Кв.3 | 2010 Кв.4 | 2011 Кв.1 | 2011 Кв.2 | последни месеци мај 11 | јун 11 | јул 11 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | годишни промени во % | | | | | | | | | | | |
| Инфлација (CPI) | 8.3 | -0.8 | 1.6 | 0.5 | 1.1 | 1.8 | 2.9 | 4.1 | 4.7 | 5.2 | 4.1 | 3.8 |
| Инфлација (CPI) - просек на кумулативна основа | 8.3 | -0.8 | 1.6 | 0.5 | 0.8 | 1.1 | 1.6 | 4.1 | 4.4 | 4.5 | 4.4 | 4.3 |
| Базична инфлација (без храна и енергија) | 2.6 | 0.3 | 0.2 | -0.2 | 0.1 | 0.2 | 0.6 | 1.0 | 1.2 | 1.3 | 1.0 | 1.3 |
| Регулирани цени | 9.3 | -1.8 | 11.3 | 12.9 | 11.9 | 9.9 | 10.3 | 7.1 | 6.9 | 6.5 | 6.6 | 6.0 |
| Цени на производители на индустриски п-ди | 10.2 | -7.0 | 8.7 | 7.3 | 10.5 | 8.4 | 8.6 | 13.6 | 11.6 | 10.8 | 10.9 | - |
| Продуктивност | 1.9 | -4.2 | 0.4 | 0.2 | 2.9 | 1.2 | -2.6 | 0.0 | - | - | - | - |
| Номинална нето-плата* | 10.3 | 9.8 | 3.0 | 3.3 | 2.2 | 2.9 | 3.6 | 1.9 | - | 0.7 | - | - |
| Реална нето-плата* | 1.9 | 10.8 | 1.4 | 2.8 | 1.1 | 1.1 | 0.7 | -2.1 | - | -4.3 | - | - |

*За 2009 година податокот е коригиран од структурната промена поради примената на концептот за бруто-плати, кој ги вклучува надоместоците за храна и превоз во платите.

Извор: Државен завод за статистика на Република Македонија и НБРМ.

Табела 3

## НОМИНАЛНА И РЕАЛНА НЕТО ПЛАТА ПО ЕКОНОМСКИ ДЕЈНОСТИ*

| | 2011 | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Кв.1** | **мар.** | **апр.** | **мај** | **Кв.1** | **мар.** | **апр.** | **мај** |
| | *номинални годишни промени во %* | | | | *реални годишни промени во %* | | | |
| **Вкупно** | 1.9 | 1.2 | 0.3 | 0.7 | -2.1 | -3.8 | -4.3 | -4.3 |
| ***Земјоделство*** | -1.2 | 0.9 | 2.4 | 3.4 | -5.1 | -4.1 | -2.3 | -1.7 |
| Земјоделство, шумарство и рибарство | -1.2 | 0.9 | 2.4 | 3.4 | -5.1 | -4.1 | -2.3 | -1.7 |
| ***Индустрија*** | 2.2 | 1.5 | 1.9 | 2.6 | -1.8 | -3.5 | -2.7 | -2.5 |
| Рударство и вадење на камен | 7.8 | 4.1 | 4.7 | 0.6 | 3.5 | -1.1 | -0.1 | -4.4 |
| Преработувачка индустрија | 4.4 | 1.8 | 1.4 | 4.1 | 0.3 | -3.2 | -3.2 | -1.0 |
| Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација | -2.7 | -2.2 | -2.0 | -0.6 | -6.6 | -7.0 | -6.5 | -5.5 |
| Снабдување со вода; отстранување на отпадни води, управување со отпад и дејности за санација на околината | 2.3 | 2.3 | 5.6 | 5.7 | -1.7 | -2.7 | 0.8 | 0.5 |
| Градежништво | 3.5 | 5.2 | 3.4 | 7.8 | -0.6 | 0.0 | -1.3 | 2.5 |
| ***Услуги*** | 3.0 | 3.5 | 4.3 | 2.6 | -1.0 | -1.6 | -0.4 | -2.5 |
| Трговија на големо и трговија на мало;поправка на моторни возила и мотоци | -0.6 | 4.8 | 2.2 | -1.1 | -4.5 | -0.4 | -2.4 | -6.0 |
| Транспорт и складирање | 2.4 | 4.0 | 1.4 | 3.7 | -1.6 | -1.1 | -3.2 | -1.4 |
| Објекти за сместување и сервисни дејности со храна | 0.0 | -1.4 | 1.0 | -1.9 | -3.9 | -6.3 | -3.6 | -6.7 |
| Информации и комуникации | 1.2 | 5.6 | 16.2 | 6.6 | -2.8 | 0.3 | 10.8 | 1.3 |
| Финансиски дејности и дејности на осигурување | 11.0 | 5.0 | -1.1 | 4.2 | 6.6 | -0.2 | -5.7 | -1.0 |
| Дејности во врска со недвижен имот | -4.2 | -0.6 | -0.6 | -5.5 | -8.0 | -5.5 | -5.2 | -10.2 |
| Стручни, научни и технички дејности | 2.8 | 1.9 | 11.7 | 1.3 | -1.2 | -3.1 | 6.6 | -3.7 |
| Административни и помошни услужни дејности | -6.6 | -1.0 | -6.6 | -6.9 | -10.3 | -5.9 | -10.9 | -11.5 |
| Јавна управа и одбрана;задолжително социјано осигурување | -0.2 | -0.3 | -1.5 | -0.7 | -4.1 | -5.2 | -6.0 | -5.6 |
| Образование | 4.2 | 0.0 | -0.7 | -0.5 | 0.1 | -4.9 | -5.2 | -5.4 |
| Дејности на здравствена и социјална заштита | -1.2 | -1.1 | 1.6 | -0.1 | -5.1 | -6.0 | -3.1 | -5.0 |
| Уметност, забава и рекреација | 6.8 | 7.9 | 7.4 | 6.7 | 2.6 | 2.6 | 2.4 | 1.4 |
| Други услужни дејности | 19.0 | 19.8 | 26.4 | 26.8 | 14.3 | 13.9 | 20.6 | 20.5 |

Извор: Државен завод за статистика на Република Македонија.

*ДЗС почнувајќи од јануари 2011 година податоците за платите ги објавува според НКД Рев.2. Податоците од новата класификација не се споредливи со расположливите податоци од старата класификација.

Табела 4

## ИНДУСТРИСКО ПРОИЗВОДСТВО И ОСТАНАТИ ЕКОНОМСКИ ДЕЈНОСТИ

| | **2008** | **2009** | **2010** | **2010** | | | | **2011** | | **Најнови податоци** | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | **Кв.1** | **Кв.2** | **Кв.3** | **Кв.4** | **Кв.1** | **Кв.2** | **Март-11** | **Апр-11** | **Мај-11** | **Јуни-11** |
| | *годишни промени во %* | | | | | | | | | | | | |
| Бруто домашен производ | 5.0 | -0.9 | 1.8 | -0.5 | 1.5 | 2.1 | 3.8 | 5.1 | - | - | - | - | |
| Индустриско производство | 5.1 | -8.7 | -4.8 | -9.3 | -0.9 | -3.6 | -6.0 | 13.8 | 5.3 | 24.5 | 11.8 | 6.9 | -1.8 |
| Градежништво | 25.6 | 13.7 | 14.9 | 7.6 | -7.4 | 35.9 | 20.3 | 61.8 | - | 52.3 | 45.5 | 64.6 | - |
| Трговија | 11.8 | -7.4 | 7.3 | 3.9 | 6.1 | 9.0 | 9.5 | 12.4 | - | 21.2 | 10.0 | 4.0 | - |
| Телекомуникации | 8.9 | 6.6 | 18.3 | 17.3 | 18.8 | 15.9 | 21.2 | 13.2 | - | 11.5 | 13.5 | 17.2 | - |

Извор: Државен завод за статистика на Република Македонија.

## Табела 5

### СЕЛЕКТИРАНИ ИНДУСТРИСКИ ДЕЈНОСТИ

| | 2008 | 2009 | 2010 | 2010 Кв.1 | 2010 Кв.2 | 2010 Кв.3 | 2010 Кв.4 | 2011 Кв.1 | 2011 Кв.2 | Јуни-11 промена, % | Јуни-11 придонес, п.п. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | *годишни промени во %* | | | | | | | | | | |
| Рударство и вадење на камен | 9.4 | -12.4 | -3.8 | -6.4 | -0.4 | 5.1 | -12.5 | 7.9 | 14.6 | -2.8 | -0.1 |
| Производство на прехранбени производи | 7.6 | -2.3 | 2.8 | 3.2 | 0.4 | 7.3 | 0.5 | -3.8 | 0.8 | 5.7 | 0.7 |
| Производство на пијалаци | 9.9 | -0.3 | -9.2 | -8.4 | -9.2 | -3.5 | -14.2 | -17.4 | -16.5 | -13.8 | -0.7 |
| Производство на тутунски производи | 1.9 | -3.2 | 19.6 | 15.4 | -14.0 | 29.0 | 66.4 | 1.3 | 43.1 | 47.9 | 3.9 |
| Производство на облека | -20.0 | -11.8 | -4.7 | -5.4 | 1.8 | -10.6 | -3.8 | 35.2 | 26.4 | 19.9 | 1.4 |
| Печатење и продукција на снимени медиуми (записи) | 57.3 | 26.8 | -34.2 | -52.8 | -44.7 | -17.1 | -14.5 | 8.6 | 6.4 | 2.2 | 0.0 |
| Производство на кокс и рафинирани нафтени производи | 1.6 | -8.9 | -6.2 | -46.9 | 14.8 | 19.6 | 14.5 | 43.0 | -46.2 | -84.8 | -4.6 |
| Производство на основни фармацевтски производи и фармацевтски препарати | 25.2 | -13.2 | -2.8 | -4.8 | 4.4 | -6.1 | -4.7 | 11.0 | 5.1 | -7.1 | -0.2 |
| Производство на други неметални минерални производи | -3.0 | -12.1 | -14.2 | -25.8 | -21.8 | -2.1 | -7.8 | 13.1 | 14.5 | 20.6 | 1.4 |
| Производство на метали | -5.3 | -43.0 | 31.8 | 46.4 | 24.2 | 31.4 | 30.0 | 34.0 | 11.1 | -3.0 | -0.3 |
| Производство на фабрикувани метални производи, освен машини и опрема | 52.0 | 38.8 | -53.5 | -52.7 | 23.3 | -62.4 | -62.5 | 30.8 | -11.0 | -35.9 | -2.4 |
| Производство на електрична опрема | 27.8 | -24.8 | -43.2 | -69.7 | -58.1 | -15.3 | -5.3 | 2,9 пати | 2,9 пати | 2,9 пати | 4.0 |
| Производство на останата опрема за транспорт | -18.4 | -46.4 | 44.5 | 5.5 | 45.4 | 26.9 | 93.8 | 3,6 пати | 79.2 | 92.9 | 1.0 |
| Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација | -3.1 | 8.7 | 14.4 | 19.1 | 38.5 | 6.9 | -3.8 | -3.1 | -21.6 | -33.5 | -4.5 |

Извор: Државен завод за статистика на Република Македонија.

## Табела 6

### ИНДИКАТИВНИ КАТЕГОРИИ ЗА ЛИЧНАТА ПОТРОШУВАЧКА

| | 2008 | 2009 | 2010 | 2010 Кв.1 | 2010 Кв.2 | 2010 Кв.3 | 2010 Кв.4 | 2011 Кв.1 | 2011 Кв.2 | Најнови податоци Мар-11 | Апр-11 | Мај-11 | Јун-11 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | *реални годишни промени во %* | | | | | | | | | | | | |
| Промет во трговија на мало* | 3.1 | -2.9 | 2.2 | 0.9 | 1.5 | 4.4 | 1.7 | 31.4 | - | 31.8 | 2.5 | -0.8 | - |
| Приходи од ДДВ* | 1.4 | -1.9 | 5.4 | -0.1 | 23.1 | 6.0 | -4.2 | 15.1 | -0.5 | -7.6 | -14.2 | 6.3 | 10.9 |
| Увоз на стоки за широка потрошувачка* | 7.9 | -5.3 | 10.1 | 2.4 | 16.2 | 20.3 | 2.3 | 2.1 | -3.6 | -9.7 | -7.6 | 0.8 | -3.9 |
| Домашно производство на потрошни добра | 5.8 | -4.6 | -1.8 | -5.8 | -7.5 | 2.5 | 2.7 | 8.2 | 16.4 | 18.7 | 14.6 | 15.2 | 19.0 |
| Кредити на население* | 30.1 | 4.5 | 2.3 | -0.2 | 1.4 | 2.3 | 2.3 | 2.5 | 2.3 | 1.4 | 1.9 | 1.8 | 2.8 |
| Просечна нето-плата* | 1.9 | 10.7 | 1.4 | 2.8 | 1.1 | 1.1 | 0.7 | -2.1 | - | -3.8 | -4.2 | -4.2 | - |
| Приватни нето-трансфери* | -12.5 | 16.4 | 22.2 | 112.9 | 33.8 | 4.7 | 1.3 | -7.6 | - | -21.2 | -12.9 | -11.0 | - |
| Пензии* | 8.4 | 9.5 | 1.1 | 2.5 | 2.1 | 0.0 | 0.0 | -0.9 | -0.2 | 0.1 | -0.5 | 0.1 | -0.4 |

*реалните стапки на раст се пресметени од НБРМ, со делење на номиналните стапки на раст со годишната инфлација, мерена според трошоците на живот.

Извор: Државен завод за статистика, Министерство за финансии и пресметки на НБРМ.

Табела 7

## ИНДИКАТИВНИ КАТЕГОРИИ ЗА ИНВЕСТИЦИИТЕ

| | 2008 | 2009 | 2010 | 2010 | | | | 2011 | | Најнови податоци | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Кв.1 | Кв.2 | Кв.3 | Кв.4 | Кв.1 | Кв.2 | Мар-11 | Апр-11 | Мај-11 | Јун-11 |
| | *реални годишни промени во %* | | | | | | | | | | | | |
| Увоз на средства за работа* | 22.3 | -6.4 | -14.8 | -35.5 | -12.4 | 1.7 | -9.6 | 8.5 | 13.4 | -11.0 | 20.5 | 34.5 | -10.4 |
| Извршени градежни работи* | 16.3 | 14.9 | 12.9 | 7.1 | -8.4 | 33.5 | 17.0 | 55.4 | - | 44.8 | 38.8 | 56.5 | - |
| Домашно производство на капитални производи | -1.0 | -23.1 | -10.8 | -27.7 | -5.9 | -12.7 | 5.1 | 64.5 | 44.7 | 47.4 | 44.8 | 87.1 | 17.5 |
| Државни капитални инвестиции* | 36.7 | -32.3 | 12.4 | 24.0 | -26.4 | 73.8 | -1.5 | 18.9 | 70.8 | 50.0 | 57.8 | 144.9 | 52.4 |
| Странски директни инвестиции* | 3.9 | -22.6 | -21.8 | -62.8 | -82.5 | 26.1 | 384.2 | 597.9 | - | 1,397.3 | 1.3 | -0.4 | - |
| Долгорочни кредити на претпријатија* | 25.9 | 8.6 | 9.1 | 4.5 | 7.8 | 8.8 | 9.1 | 10.3 | 12.9 | 10.3 | 10.9 | 11.5 | 12.9 |
| Залихи на готови производи | -5.6 | -2.1 | -3.3 | -6.8 | -18.0 | -6.7 | -5.8 | 6.0 | 19.5 | 20.9 | 23.6 | 22.4 | 12.7 |

*реалните стапки на раст се пресметени од НБРМ, со делење на номиналните стапки на раст со годишната инфлација, мерена според трошоците на живот.

Извор: Државен завод за статистика, Министерство за финансии и пресметки на НБРМ.

Табела 8

## БУЏЕТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА (Централен Буџет и Буџети на Фондови)

| *во милиони денари* | 2010 | | | | Вкупно 2010 | 2011 | | Јан-Јун 2011 | годишни стапки на промени во 2011 година (во %) | | процент на реализација |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Кв.1 | Кв.2 | Кв.3 | Кв.4 | | Кв.1 | Кв.2 | | Кв.1 | Кв.2 | Јан-Јуни |
| ***ВКУПНИ ПРИХОДИ*** | ***29,521*** | ***32,322*** | ***36,134*** | ***34,173*** | ***132,150*** | ***31,422*** | ***36,040*** | ***67,462*** | ***6.4*** | ***11.5*** | ***45.5*** |
| **Даночни приходи и придонеси** | **25,295** | **28,151** | **29,176** | **29,818** | **112,440** | **27,332** | **29,520** | **56,852** | **8.1** | **4.9** | **46.5** |
| Даноци | 16,009 | 18,528 | 19,209 | 19,192 | 72,938 | 18,002 | 19,411 | 37,413 | 12.4 | 4.8 | 47.0 |
| Персонален данок на доход | 2,111 | 2,116 | 2,085 | 2,560 | 8,872 | 2,242 | 2,325 | 4,567 | 6.2 | 9.9 | 45.5 |
| Данок на добивка | 879 | 623 | 1,154 | 1,034 | 3,690 | 920 | 1,496 | 2,416 | 4.7 | 140.1 | 66.4 |
| ДДВ | 8,204 | 9,734 | 9,929 | 9,827 | 37,694 | 9,834 | 10,140 | 19,974 | 19.9 | 4.2 | 48.4 |
| Акцизи | 3,140 | 3,542 | 4,304 | 3,939 | 14,925 | 3,423 | 3,687 | 7,110 | 9.0 | 4.1 | 44.7 |
| Увозни давачки | 953 | 1,772 | 903 | 1,084 | 4,712 | 809 | 950 | 1,759 | -15.1 | -46.4 | 30.8 |
| Други даноци | 722 | 741 | 834 | 748 | 3,045 | 774 | 813 | 1,587 | 7.2 | 9.7 | 52.9 |
| Придонеси | 9,109 | 9,463 | 9,771 | 10,344 | 38,687 | 9,138 | 9,963 | 19,101 | 0.3 | 5.3 | 45.1 |
| Фонд за ПИОМ | 6,162 | 6,385 | 6,613 | 6,977 | 26,137 | 6,188 | 6,740 | 12,928 | 0.4 | 5.6 | 45.1 |
| Агенција за вработување | 400 | 400 | 412 | 439 | 1,651 | 388 | 426 | 814 | -3.0 | 6.5 | 46.1 |
| Фонд за здравствено осигурување | 2,547 | 2,678 | 2,746 | 2,928 | 10,899 | 2,562 | 2,797 | 5,359 | 0.6 | 4.4 | 44.9 |
| **Неданочни приходи** | **3,703** | **3,020** | **6,284** | **3,563** | **16,570** | **2,995** | **3,640** | **6,635** | **-19.1** | **20.5** | **41.3** |
| **Капитални приходи** | **268** | **331** | **227** | **333** | **1,159** | **532** | **2,500** | **3,032** | **98.5** | **655.3** | **52.1** |
| **Странски донации** | **201** | **648** | **281** | **329** | **1,459** | **231** | **277** | **508** | **14.9** | **-57.3** | **13.4** |
| **Приходи од наплатени заеми** | **56** | **173** | **166** | **130** | **525** | **332** | **103** | **435** | **492.9** | **-40.5** | **108.8** |
| ***ВКУПНИ РАСХОДИ*** | ***33,625*** | ***34,293*** | ***36,644*** | ***38,130*** | ***142,692*** | ***35,147*** | ***40,042*** | ***75,189*** | ***4.5*** | ***16.8*** | ***47.0*** |
| **Тековни трошоци** | **30,396** | **31,563** | **31,703** | **33,696** | **127,358** | **31,151** | **35,160** | **66,311** | **2.5** | **11.4** | **48.5** |
| Плати и надоместоци | 5,751 | 5,636 | 5,588 | 5,663 | 22,638 | 5,755 | 5,772 | 11,527 | 0.1 | 2.4 | 49.5 |
| Стоки и услуги | 3,728 | 3,179 | 3,785 | 3,989 | 14,681 | 3,515 | 3,717 | 7,232 | -5.7 | 16.9 | 41.9 |
| Трансфери | 20,687 | 22,086 | 20,960 | 23,132 | 86,865 | 21,523 | 24,934 | 46,457 | 4.0 | 12.9 | 50.0 |
| Социјални трансфери | *15,620* | 15,931 | 16,079 | 16,156 | 63,786 | 15,931 | 17,199 | 33,130 | 2.0 | 8.0 | 49.2 |
